РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 12-352/4
25.05. 2021 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 10 и член 24 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија н седницата одржана на 25 мај 2021 година донесе

## ОДЛУКА

### За одобрување на План за намалување на загуби на електрична енергија во електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за период 2021-2023 година

1. Со оваа одлука се одобрува План за намалување на загуби на електрична енергија во електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за период 2021-2023 година со динамика за намалување на загуби на електрична енергија утврдена во точка 2 од оваа одлука.
2. Динамиката за намалување на загуби на електрична енергија во електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за период 2021 – 2023 година изнесува:

| Година | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| % | 12,6 | 12,4 | 12,2 |

3. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје во рок од пет дена од денот на објавувањето на оваа одлука во "Службен весник на Република Северна Македонија", динамиката за намалување на загуби од точка 2 на оваа одлука да ја вклучи во Планот за намалување на загуби на електрична енергија за период 2021-2023 година.
4. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје во рок од седум дена од денот на објавувањето на оваа одлука во "Службен весник на Република Северна Македонија" да го усвои Планот за намалување на загубите на електрична енергија за период 2021-2023 година со динамиката за намалување на загубите од точка 2 на оваа одлука и да го објави на својата веб страница.
5. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

### Образложение

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) на 4 март 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување План за намалување на загуби на електрична енергија за период 2021-2023 година (во понатамошниот текст: План за намалување на загуби) бр. 12-352/1 од 4 март 2021 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 15 март 2021 година до Електродистрибуција достави Допис бр. 12-352/2 од 15 март 2021 година со коментари по Планот за намалување на загуби. Со дописот Регулаторната комисија за енергетика побара Електродистрибуција да ја промени динамиката за намалување на загубите на електрична енергија којашто ќе биде во согласност со

Планот за развој на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција, одобрен од Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр. 12-272/2 од 4 март 2021 година.

Електродистрибуција на 2 април 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Мислење бр. 12-352/3 од 2 април 2021 година во однос на коментарите на Регулаторната комисија за енергетика и не постапи по барањето на Регулаторната комисија за енергетика.

Врз основа на член 24 став (2) од Законот за енергетика* ако вршителот на енергетската дејност, кој што доставил акт од став (1) точка 2) на овој член на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика, не постапи по барањата на Регулаторната комисија за енергетика одделни прашања во актот да се уредат врз основа на начелата на недискриминација, транспарентност и конкурентност, како и да овозможат обезбедување на јавна односно универзална услуга, Регулаторната комисија за енергетика врши соодветни измени и дополнувања на предлогот на актот кој е доставен на одобрување, коишто стануваат составен дел на актот кој што е одобрен, а ако актот се објавува во „Службен весник на Република Македонија" го задолжува вршителот на енергетската дејност до го објави актот во „Службен весник на Република Македонија".

Вршителите на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија, согласно член 4 став (4) од Законот за енергетика* имаат обврска за обезбедување на јавна услуга при вршењето на дејноста на начин и под услови утврдени со законот. Во член 93 став (4) од Законот за енергетика* е уредено дека надоместокот за користењето на електродистрибутивниот систем го плаќаат потрошувачите на електрична енергија приклучени на електродистрибутивната мрежа.

Согласно член 28 став (1) од Законот за енергетика* со прописите и методологиите за формирање на цени, Регулаторната комисија за енергетика го уредува начинот на пресметка, одобрување и контрола врз остварувањето на приходите за вршење на енергетските дејности пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас и за организирање и управување со пазарите на електрична енергија и природен гас. Во истиот член во ставот (4) во точката 7) е уредено дека прописите од ставот (1) се засновани на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација и со нив се обезбедува надоместување на трошоците за набавка на енергија за покривање на загубите во соодветниот енергетски систем, имајќи ги предвид плановите и динамиката за намалување на загубите што операторите на системите ги доставуваат за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика.

Во член 2 точка 9) од Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 95/19 и 161/20) (во понатамошниот текст: Правилник) е уредено дека регулирањето на тарифите има за цел да обезбеди надоместување на трошоците за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во соодветниот енергетски систем, имајќи ги предвид плановите и динамиката за намалување на загубите што операторите на системите ги доставуваат на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика.

Согласно членот 11 ставови (2) и (3) од Правилникот, количините на електрична енергија за покривање на дозволените загуби на електрична енергија во дистрибутивната мрежа се признаваат во процент утврден со планот на намалување на загубите на електрична енергија во дистрибутивната

мрежа, одобрен од Регулаторната комисија за енергетика. Процентот се однесува на вкупната влезена количина на електрична енергија во дистрибутивниот систем. Во прилог 3. Методологија за пресметка на регулиран максимален приход за регулирана дејност дистрибуција на електрична енергија, којашто е составен дел на Правилникот, трошокот за набавка на електрична енергија за покривање на одобрените загуби во дистрибутивната мрежа е составна компонента при утврдувањето на регулираниот максимален приход.

Во членот 12 од Правилникот е уредено дека регулираниот максимален приход се распределува по тарифи, коишто се определуваат за соодветната регулирана дејност преку соодветни тарифни системи.

Вршителите на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија, согласно член 4 став (4) од Законот за енергетика* имаат обврска за обезбедување на јавна услуга при вршењето на дејноста на начин и под услови утврдени со законот. Во член 93 став (4) од Законот за енергетика* е уредено дека надоместокот за користењето на електродистрибутивниот систем го плаќаат потрошувачите на електрична енергија приклучени на електродистрибутивната мрежа.

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 10, а во врска со член 24 став (2) од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика го разгледа и одобри Планот за намалување на загубите на електрична енергија во електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за период 2021-2023 година на седницата одржана на 25 мај 2021 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**бр. 12-352/4**
**25 мај 2021 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

Изработил: Елена Колевска
Контролирал: Билјана Јадровска Панова
Одобрил: Никола Николиќ